Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи ("Службен лист на СФРЈ" бр. 30/85, 6/89 и 53/91 и "Службен весник на РМ" бр. 12/93 и 31/93), кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 52/91 и 4/92), е преземен како републички пропис, Министерството за внатрешни работи, објавува

**Л И С Т А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ**

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет ("Службен весник на РМ" бр. 64/98), во делот I "Стопански експлозиви", по точката 17 се додаваат четири нови точки 18, 19, 20 и 21, кои гласат:

"18. Црн димен барут, типови "Рударски (каменарски) барут", "Оружарски (мунициски) барут" и "Димен барут за спорогоречки фитил", производство - Р. Бугарија, фирма "Еловица", издаден акт-решение УП I бр. 096-563/3 од 04. 12. 1998 година;

19. Грубо дисперзирани амонити (ГДА), типови ГДА 73/27-Л и ГДА 79/21-Л, производство - Р. Бугарија, фирма ХП "Смјадово", издаден акт-решение УП I бр. 096-776/1-98 од 11. 05. 1999 година;

20. Бездимен ловечки барут тип "Златибор НЦ-04", производство - СР Југославија, фирма "Милан Благоевиќ", издаден акт-решение УП I бр. 17-1432/2 од 05. 05. 2000 година;

21. Водопластичен експлозив под име "Елотол-3", производство - Р. Бугарија, фирма "Еловица", издаден акт-решение УП I бр. 17-167/1 од 20. 07. 2000 година."

Во делот II "Средства за иницирање на експлозиви", во точката 2 зборот "полусекундарен" се заменува со зборот "полусекунден", во точката 4, потточка а), зборот "дед-с" се заменува со зборот "деп-с", а во потточката б), зборот "дел-с" се заменува со зборот "дед-с". По точката 5 се додаваат две нови точки 6 и 7, кои гласат:

"6. Средствата за неелектрично иницирање, елементи од "нонел" систем со следните видови и типови неелектрични детонатори: 1. серија "nonel ms"; 2. серија "nonel unidet"; 3. серија "nonel lp"; 4. серија "nonel sl"; 5. серија "nonel" цевчиња од 1,8 до 100м, производство - Шведска, фирма "Nitronobel", конфекционирани во Р. Бугарија, издаден акт-решение УП I бр. 096-820/2-98 од 11. 05. 1999 година;

7. Милисекундни електродетонатори со ознака MSED-IDL, производство - Индија, фирма " Idl Industries Limited", издаден акт-решение УП I бр. 17-352/1 од 14. 09. 2000 година."

Во делот III "Фитили", во точката 4 пред бројот "10" се додава буквата "Ц", а по точката 6 се додава нова точка 7, која гласи:

"7. Спорогоречки фитил тип "Bickford", производство - Р. Бугарија, фирма "Еловица", издаден акт-решение УП I бр. 096-563/2 од 04. 12. 1998 година."

Во делот IV "Појачувачи (бустери)", по точката 2 се додаваат две нови точки 3 и 4, кои гласат:

"3. Појачувачи (бустери) од типот ТР-400, ТР-415 и ТР-200 (состав 100% TNT) и од типот ТР-360 и ТР-420 (состав 50/50% TNT/RDH), производство - Р. Бугарија, фирма "Еловица", издаден акт-решение УП I бр. 096-563/1/1 од 18. 11. 1998 година;

4. Појачувачи (бустери) типови: "Т" (100% TNT), "R" (50/50% TNT/RDH) и "Р" (50/50% TNT/RETN), производство - Р. Бугарија, фирма ХП "Смјадово", издаден акт-решение УП I бр. 096-820/1-98 од 11. 05. 1999 година."

Во делот V "Средства полнети со експлозивни материи", по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:

"5. Специјална индустриска муниција од видовите "ce8s-85 gr. magnum", "ce8rv-85 gr. magnum" и "ce8z-85 gr. zink", заедно со орудието со кое единствено и може да се користи- индустриски топ од типот "Winchestern western" тор мк4, производство - САД, фирма Winchester Group Olin Corporation East Alton Ilinois", издаден акт-решение УП I бр. 18-120/1 од 13. 09. 1999 година."

Бр. 231-6071/1
26 февруари 2001 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Доста Димовска,** с.р.